26162

CLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
11896, 10,
-7. III. 1980

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

ВЕЧЕР ВО МСУ

## Изложба на откупени уметнички дела од РЗК

**● Над 160-те експонати од повеќе десетини ликовни уметници што Комисијата при РЗК ги откупи од самостојни и групни изложби во нашата Република за последните три години, претставуваат показател за заложбата на Заедницата да го стимулира ликовното творештво**

**ВО ИЗЛОЖБЕНИТЕ САЛИ** на Музејот на современата уметност во Скопје, вечер во 18 часот ќе биде отворена изложба на откупените ликовни дела од Комисијата за откуп при Републичката заедница на културата за последните три години.

На оваа изложба ќе бидат презентирани 165 експонати од областа на ликовната и применетата уметност од повеќе десетини македонски уметници кои во периодот од 1977 до 1979 година излагале на самостојни или заеднички изложби во Републиката или надвор од неа, како и на уметници од другите Републики кои во овој период се претставиле кај нас. Меѓу изложените дела се наоѓаат и такви кои Комисијата при РЗК ги откупила директно од сликарските ателјеа и без да бидат изложени пред публиката, ако сметала дека поседуваат посебна уметничка вредност, како и дела кои по својата тема и квалитет своето место можат да го најдат во одредени музејски или галериски институции.

Сè до денешното излагање пред јавноста, овие три години споменатите експонати беа депонирани во Музејот на современата уметност заради просторот со кој располага оваа институција. Откако ќе ги види публиката, експонатите ќе бидат распределени на времено користење по галериите и музеите во Републиката, кои на тој начин ги збогатуваат своите колекции со дела за кои се заинтересирани.

**ПРВАТА ИЗЛОЖБА** од овој карактер со која јавноста се запозна со откупната политика на оваа Комисија при РЗК, беше одржана во 1977 година кога беа изложени откупите од претходните три години. Од каталогот на втората изложба се гледа дека Комисијата годишно откупувала по педесетина ликовни дела годишно (во 1977 година РЗК за таа намена издвоила 286.000 динари, следната, 335.000, а минатата 396.000 динари). Бројки кои секако говорат во прилог на ориентацијата на Заедницата да го помага творештвото во оваа област.

(С. Ѓ.)



Виолета Чауле: Пред исполнување ситопечат, 1977